**Барање 23-1811**

-Колкав е планираниот буџет на Општината за заштита на животната средина и климатските промени?
-За која цел се наменети тие средства?
-Дали општината планира изградба на депонија за справување со отпадот на ниво на општината?
-Каде се планира да биде локацијата на депонијата доколку е во план да се изгради?
-Како во моментов општината управува со отпадот (собирни центри, депонии и сл.)?
-Колку средства ќе се наменат за справување со аерозагадувањето?
-Дали Општината има регистар за загадувачи на воздух?
-Што се презема во моментов за намалување на аерозагадувањето?

**Одговор 23-1811**

1. Општина Кавадарци нема одвоено посебен буџет за заштита на животната средина, но има одвоено финансиски средства според програмата за екологија и одржување на јавна чистота и одржување на зелени површини.
2. За цветни и дрвни насади одвоени се 800.000,00 денари, за јавна чистота 14.000.000,00 денари, за паркови и јавно зеленило 11.000.000,00 денари и за оџачарски услуги 1.200.000,00 денари, одвоени во буџет за 2023 година. Ви го испраќам следниот линк до програмите објавени на веб страната на општината https://kavadarci.gov.mk/za-kavadartsi/programi-na-opshtina-kavadartsi/
3. Општина Кавадрци не планира изградба на депонија.
4. Не е планирана локација предвидена за депонија.
5. Во Општина Кавадарци управувањето со отпад го врши ЈП Комуналец, Кавадарци-РЕ Хигиена, редовно дневно собирање на отпадот од контејнери за комунален отпад и селектиран отпад. Општина Кавадарци има склучено договор со Друштвото за управување со пакување и отпад од пакување- Пакомак и Друштвото за управување со отпад-Нула глад , кои се лиценцирани за селектиран отпад картон, пластика, батерии и акумулатори.
6. Со цел заштита на животната средина и енергетската ефикасност, Општина Кавадарци по проект за субвенции за фотоволтаици ќе издвои средства во висина од 30.000.000,00 денари од Буџетот на општината. За проектот за субвенционирање на велосипеди при Општина Кавадарци со цел да се даде поголем придонес во зачувување на животната средина и физичкото здравје на граѓаните ќе се издвојат финансиски средства во висина од 300.000,00 денари од Буџет на општината за 2023 година.
   Линк до програмата за Локален економски развој на Општина Кавадарци за 2023 година
   https://kavadarci.gov.mk/za-kavadartsi/programi-na-opshtina-kavadartsi/
7. Општината нема регистар за загадувачи на воздух.
8. Општина Кавадарци има изработено Локален еколошки акционен план и план за подобрување на квалитетот на амбиентален воздух каде што се опишани мерките кои треба да се превземат за намалување на аерозагадувањето. ЛЕАП-от е објавен на веб страната на општината. Линк до ЛЕАП https://kavadarci.gov.mk/public/wp-content/uploads/LEAP.pdf
   Планот за подобрување на амбиентален воздух ви го ис праќам електронски во Pdf формат.